# ОПШТЕСТВЕНО – ХУМАНИТАРНА РАБОТА НА УЧЕНИЦИТЕ: концепт и насоки за реализација

# СОДРЖИНА

ВОВЕД.....................................................................................................4

Принципи на општествено-хуманитарна работа

Пристапи во учењето

ЦЕЛИ НА ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИТАРНА РАБОТА.......................................7

Поврзаност со националните стандарди

Очекувани резултати

ВИДОВИ ОПШТЕСТВЕНО - ХУМАНИТАРНА РАБОТА.......................................9

Помош и поддршка во заедницата

Кампањи за подигање на свеста

Застапување за преземање граѓански акции

Промовирање мултикултура и почитување на различности

КОМПОНЕНТИ НА ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИТАРНА РАБОТА.........................10

Теоретско учење (6 наставни часа)

Практичен ангажман (20 саати)

ПОДГОТОВКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА..........................................................11

Избор на одговорни наставници

Вклучување на заедницата и родителите/старателите

Формирање групи ученици за релизација на општествено-хуманитарна работа

НАСОКИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА.................................................................14

Обуки за теориско учење

Тематски обуки (2-6 саати)

Планирање на проектите (3 саати)

Имплементација на проектите (8-10 саати)

Рефлексија за работата (1-2 саати)

Промоција на проектите (3 саати)

ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ....................................................................17

ПРИЛОЗИ..........................................................................................20

Примери на проекти

Образец за планирање на проект

# ВОВЕД

Во современиот свет младите се соочуваат со бројни општествени и хуманитарни предизвици кои бараат од нив свесност, емпатија и проактивен ангажман. Разбирање за овие предизвици како и развивање на чувство за општествена одговорност и активно граѓанство учениците го добиваат преку директно ангажирање во општествено -хуманитарна работа. Преку ангажирањето во ваква работа учениците во училиштата треба да стекнат знаења, вештини и искуства што се потребни за да научат како да придонесуваат за развој на нивната заедница и, пошироко, за општеството.

Преку учеството во општествено -хуманитарна работа учениците се вклучуваат во решавање прашања од реалниот свет, ги разбираат различните перспективи и соработуваат со своите врсници на проекти кои произлегуваат од потребите на заедницата и општеството. Ваквата работа не е само образовно искуство, туку и платформа за личен развој поради тоа што дава можност учениците да размислуваат за нивната улога во светот и како можат позитивно да влијаат во изнаоѓање решенија за различни општествени проблеми и, на тој начин, да им помагаат  на другите.

Во основното образование пштествено -хуманитарната работа е наменета за ученици од третиот  период на основното училиште (7.-9. одделение) кои се наоѓаат во клучната развојна фаза во која младите почнуваат да формираат сопствени идентитети, вредности и верувања. На оваа возраст, учениците се способни за критичко размислување и сè повеќе се свесни за општествените и хуманитарните прашања околу нив. Преку општествено-хуманитарна работа оваа свест се канализира во конструктивна акција, насочувајќи ги учениците да станат информирани и сочувствителни граѓани.

Со фокусирање на оваа возрасна група и ангажирање во овој вид работа се воспитуваат генерација млади луѓе кои не само што ќе бидат свесни за предизвиците со кои се соочуваат нивните заедници, туку и ќе се оспособат да преземаат акција. Со очекува овој ран ангажман во општествено -хуманиратна работа да им помогне на учениците да развијат доживотна потреба за давање позитивен придонес во општеството.

## Принципи на општествено-хуманитарна работа

### 1. Емпатија и сочувство

Емпатијата вклучува разбирање и споделување на чувствата на другите, додека сочувството го проширува ова разбирање на активна грижа и помагање на оние на кои им е потребно. Развивањето емпатија и сочувство им помага на учениците да се поврзат со луѓе од различно потекло и во најразлични ситуации. Ги охрабрува да ги препознаваат проблемите и потребите на другите, поттикнувајќи чувство на солидарност и морална одговорност.

Активностите наменети за развивање емпатија и сочувство кај учениците може да вклучуваат волонтирање со различни групи во заедницата, учество во вежби за играње улоги за да се искусат туѓите перспективи или ангажирање во проекти кои директно поддржуваат маргинализирани или обесправени поединци. Емпатија и сочувство може

да се развијат кај учениците, на пример, преку интеракција со постарите жители во дом за нега на стари лица, која ќе обезбеди да се сослушаат нивните искуства.

**2. Инклузивност и различност**

Инклузивноста вклучува создавање средина каде што сите, без оглед на нивното потекло, идентитет или способности, се чувствуваат почитувани и ценети. Различноста се однесува на присуството на разлики во дадена средина, вклучувајќи етничка припадност, пол, социо-економски статус итн. Прифаќањето на инклузивноста и различноста обезбедува сите ученици да имаат еднакви можности за учество и придонес, промовира меѓусебна поддршка, почитување и разбирање меѓу учениците, ги подобрува социјалните вештини на учениците и ги проширува нивните перспективи. Самото тоа придонесува учениците да се подготват ангажирано да придонесат за животот во инклузивно и мултикултурно општество.

Општествено-хуманитарна работа може да вклучи активности со кои се прославуваат/обележуваат различни култури и традиции, како што се културни саеми, работилници за различности и инклузивни вежби за градење тим. Освен тоа, активностите кои се водат со етнички/јазично мешани групи ученици, без оглед на нивната содржина или цел, може да придонесат за прифаќање на различноста и создавање инклузивна средина во образовен систем што не е сегрегиран по јазична основа. Сите активности во рамки на општествено-хуманитарна работа треба да овозможат учество на сите ученици, без оглед на нивните способности или потекло.

**3. Ангажирање во заедницата**

Ангажманот во заедницата вклучува градење и одржување силни врски со локалната заедница и со организации за да се одговори на заедничките цели и предизвици. Со вклучување во заедницата, учениците можат да стекнат искуство од реалниот свет и подобро да ги разберат општествените проблеми. Тоа помага да се премости јазот помеѓу образовната содржина и нивната практична примена, правејќи го учењето порелевантно и поприфатливо.

Ангажманот во заедницата може да се постигне преку партнерства со локални непрофитни/невладини организации, проекти за вршење услуги во заедницата и други иницијативи за соработка.

**4. Ученички иницијативи**

Ученичките иницијативи се однесуваат на зајакнувањето на учениците да предлагаат и организираат активности, да донесуваат одлуки и да имаат глас во нивното учење и реализирање проектни активности. Поттикнувањето на ученичките иницијативи помага да се развијат лидерските, комуникациските и организациските вештини , самодовербата, чувството на сопственост врз ссвојата работа и чувството на припадност кон училиштето и заедницата. Истовремено, реализацијата на ученичките иницијативи промовира критичко размислување и решавање проблеми, овозможувајќи им на учениците да преземат активна улога во обликувањето на нивните образовни искуства.

Обезбедувањето можности учениците да водат проекти, да предлагаат идеи и да донесуваат одлуки за нивните активности (на пр., да одлучуваат што ќе биде во фокусот

на некој хуманитарен проект, како ќе се реализираат одделни настани или со кого ќе соработуваат на кампањи за застапување), го поттикнува нивното учество не само во тековните проекти, туку и во слични активности во иднина.

**5. Одржливост**

Одржливоста во овој контекст се однесува на создавање проекти и иницијативи кои имаат долгорочно позитивно влијание врз заедницата и животната средина, обезбедувајќи продолжување на ефектите и надвор од непосредната временска рамка. Нагласувањето на одржливоста обезбедува позитивните ефекти од општествено-хуманитарна работа да траат и по завршувањето на активностите, придонесувајќи за тековно подобрување на заедницата и чување на животната средина.

За да се промовира одржливост, од самиот почеток проектите треба да бидат осмислени така да обезбедат долгорочни придобивки. Ова може да вклучи создавање системи за постојана поддршка, ефикасно користење на ресурсите и поттикнување партнерства кои можат да ја одржат и надградат работата започната од учениците. Таков пример се проекти со чија помош се уредуваат паркови и зелени површини о заедницата што ќе продолжат да ги одржуваат локалните жители или се развиваат едукативни материјали што училиштата ќе можат да ги користат и во следните учебни години.

## Пристапи во учењето

Општествено-хуманитарна работа на учениците претставува динамичен образовен процес од кој се очекува да има позитивни ефекти врз учениците и врз заедницата, односно врз општеството. За таа цел, општествено-хуманитарна работа треба да ги обедиинува следните пристапи во учењето:

- **Искуствено учење:**
  Учениците учат најдобро кога директно учествуваат во активности и од нив добиваат реални и практични искуства. Општествено-хуманитарна работа им овозможува на учениците да се соочат со конкретни ситуации, да учат од своите постапки, и да ги применуваат теоретските знаења во реалниот живот. Учениците развиваат повисоко ниво на емпатија и одговорност кога се ангажирани во активности кои имаат директно влијание врз другите, особено кога помагаат на заедницата.
- **Учење базирано на проекти**:
  Овој пристап охрабрува учениците да поврзуваат и применуваат знаења и вештини стекнати преку различните дисциплини застапени во редовната настава за да решат конкретен проблем или да завршат проект во доменот на општествено-хуманитарна работа. Со решавање на реални проблеми, учениците се стимулираат да размислуваат критички, да бараат различни решенија и да донесуваат одлуки со практично значење.
- **Колаборативно учење**:
  Општествено-хуманитарна работа вклучува повеќе учесници, така што учениците развиваат вештини за тимска работа, комуникација, преговарање и донесување заеднички одлуки. Учениците учат едни од други, што го збогатува нивниот процес на учење и ги охрабрува да ја разберат важноста на различните мислења и искуства. Овие компетенции се клучни за нивната иднина.

Овие три пристапи се меѓусебно поврзани и заедно формираат динамичен и ефикасен образовен модел, кој не само што го подобрува академското знаење, туку и ги гради социјалните, емоционалните и комуникациските вештини на учениците. Овие пристапи ги поттикнуваат учениците да станат активни членови на општеството, кои можат да придонесат за неговиот напредок.

# ЦЕЛИ НА ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИТАРНА РАБОТА

Општествено-хуманитарна работа треба да придонесе за развој на свеста, вештините и посветеноста на учениците за решавање на проблемите од општествено-хуманитарен карактер. Целите на ваквиот вид работа можат да се гледаат низ призмата на Националните стандарди и да се операционализираат преку очекуваните резултати.

## Поврзаност со Националните стандарди

Општествено-хуманитарна работа на учениците придонесува за постигнување на Националните стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование од подрачјата Личен и социјален развој (V) и Општество и демократска култура (VI):

Ученикот/ученичката знае и/или умее:

- V-A.10 да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина);
- V-A.14 да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин;
- V-A.15 да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите;
- VI-A.5 да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.);
- VI-A.8 да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите;
- VI-A.9 да препознае ранливи групи во општеството, да поддржува и да учествува во хуманитарни и волонтерски акции;
- VI-A.12 критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него;
- VI-A.13 да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување;
- VI-A.15 да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и да се ангажира за подобрување на состојбите;
- VI-A.18 критички да анализира закани од небалансираниот развој врз животната средина и активно да придонесува кон нејзината заштита и унапредување;

Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:

- V-Б.7 иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;
- V-Б.8 интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби;
- VI-Б.5 еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата;
- VI-Б.6 личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес;
- VI-Б.7 секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината;
- VI-Б.9 секој граѓанин треба да преземе одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот;

## Очекувани резултати

Општествено-хуманитарна работа треба да се спроведува така да има повеќекратни ефекти во различни домени од развојот на учениците. Преку обезбедување активно учество на учениците, се очекува да се постигнат следните резултати:

- **Подобрување на општествената свест:** Учениците ќе стекнат подлабоко разбирање за социјалните и хуманитарните прашања, како што се: сиромаштијата, нееднаквоста, еколошката одржливост, човековите права и сл. Тие ќе научат да ја препознаваат меѓусебната поврзаност на овие прашања и влијанието што го имаат врз поединците и заедниците.
- **Развивање емпатија и сочувство:** Работејќи на проекти кои се однесуваат на проблемите во реалниот свет, учениците ќе развијат поголемо чувство на емпатија за оние на кои им е потребна. Тие ќе научат да ги ценат предизвиците со кои се соочуваат другите и ќе бидат мотивирани да придонесат за изнаоѓање решенија.
- **Зајакнување на граѓанскиот ангажман:** Општествено-хуманитарна работа ги охрабрува учениците да станат активни учесници во нивните заедници. Преку реализација на практични проекти во потесната и пошироката заедницата, учениците ќе научат за важноста на граѓанската одговорност и моќта на заедничката акција во создавањето позитивни промени.
- **Градење тимска работа и лидерски вештини:** Учениците ќе соработуваат со своите врсници на различни проекти, градејќи/развивајќи тимска работа, комуникација и лидерски способности. Овие вештини се од суштинско значење не само за успехот на проектите, туку и за идните академски и професионални животи на учениците.
- **Поттикнување на личниот развој:** Учеството во општествено-хуманитарна работа ќе поттикне саморефлексија и личен развој. Учениците ќе бидат пполтикнати да размислуваат критички за своите вредности и како тие можат да придонесат за поправедно и порамноправно општество.

# ВИДОВИ ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИРАТНА РАБОТА

Сите видови општествено -хуманиратна работа треба да им овозможат на учениците да направат видлива разлика во нивните заедници. Заедничко за сите видови ваква работа е што учениците се вклучени како активни учесници, а наставниците се само насочувачи во процесот. Сите понудени активности во рамки на различните видови ваква работа може и треба да се прилагодат на специфичните потреби, ресурси и интереси на учениците, под услов да се задржи нивната едукативна компонента и да се постигнат очекуваните ефекти.

Учениците може да реализираат различни видови општествено -хуманиратна работа, групирани околу следните четири категории:

## Помош и поддршка во заедницата

- **Уредување на јавни површини:** чистење на јавните простори (пр., паркови и улици, игралишта), фарбање огради и сл.
- **Садење растенија и разубавување на околината:** садење дрвја и зеленило, одгледување цвеќиња или градинарски производи, косење трева или реализација на активности за зачувување на животната средина.
- **Кампањи за донации:** собирање и дистрибуирање храна, облека и други основни продукти за оние на кои им е потребна (на пример, за засолништа на бездомници, за жртви на природни непогоди).
- **Волонтирање во домови/центри за згрижување:** помагање во домови за стари лица, засолништа за бездомници, засолништа за жртви на насилство, засолништа за животни и сл.

## Кампањи за подигање на свеста

- **Едукација за здравје и добросостојба:** реализација на кампањи за подигање на свеста за здравствените предизвици како што се, на пример, менталното здравје, исхраната и вежбањето.
- **Кампањи против насилство:** организирање работилници за врсничка едукација посветени на малтретирање и булингот и на промовирање култура на љубезност и инклузивност.
- **Подигање на еколошката свест:** организирање настани или креирање едукативни материјали за заштита на животната средина, за рециклирање и за одржливо живеење.
- **Застапување за човекови права:** спроведување активности за подигање на свеста за прашањата во врска со човековите права, какви што се родовата еднаквост, поддршката на бегалците или социјална правда.

## Застапување за преземање граѓански акции

- **Застапување за решавање проблеми:** идентификување на проблемите што ги засегаат учениците и залагање за воведување промени кои водат до решавање на проблемите (на пример, преку петиции, пишување писма или кампањи на социјалните медиуми).
- **Едукација за демократска култура:** организирање врсничка едукација за засилување на демократското учество на учениците во одделенските и ученичките заедници во училиштето.

## Промовирање мултикултура и почитување на различности

- **Мултикултурни саеми:** организирање настани на кои се промовират културниот идентитет на учениците преку храна, музика, танц и раскажување приказни карактеристични за етничките заедници или за регионите во државата.
- **Мултикултурни работилници:** спроведување работилници кои истражуваат и слават различни култури и идентитети во училишната заедница.

Примери на проекти од различните видови општествено-хуманиратна работа се дадени во Прилог А. Сите примери наведени таму се наменети да послужат само како инспирација за проекти кои треба да се развијат за реализација на општествено-хуманиратна работа.

# КОМПОНЕНТИ НА ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИТАРНА РАБОТА

Општествено-хуманитарна работа треба да биде структурирана така да им обезбеди на учениците балансирана комбинација од теоретско знаење и практично искуство. Се состои од неколку компоненти кои треба да придонесат за севкупниот развој на разбирањето на општествено-хуманитарните предизвици од страна на учениците и во нивно ангажирање за надминување на тие предизвици.

## Теоретско учење (6 наставни часа)

Учениците се воведуваат во општествено-хуманитарна работа преку учество во обука која треба да им ги даде на учениците потребните знаења за општествените и хуманитарните прашања. Теоретското учење, во траење од 6 наставни часа,  се испорачува преку комбинација на предавања, дискусии и мултимедијални презентации што вклучуваат:

- **Глобални и локални општествени прашања:** откривање кои се битните општествени и хуманитарни прашања на глобално и на локално ниво (пр., сиромаштија, нееднаквост, еколошки предизвици, човекови права).
- **Етичност и општествена одговорност:** дискусии за етичките импликации на општествено-хуманитарна работа и одговорностите на поединците и заедниците во поттикнувањето на социјалната правда.
- **Културна компетентност:** разбирање на важноста на културната свест и чувствителност во општествено хуманитарната работа, особено кога активностите се поврзани со заедници што се различни од сопствената (пр., разлики во јазик, религија, возраст).

## Практичен ангажман (20 саати)

Срцта на програмата е практичниот ангажман, во рамки на кој учениците го применуваат своето знаење работејќи на практични проекти во реалниот свет на општествено-хуманитарната работа. Оваа компонента се реализира во следните фази:

- **Тематска обука:** Се оранизира со цел учениците да ги стекнат специфичните компетенции кои се потребни за успешно реализирање на активностите во рамки на „својот“ проект. Така на пример, доколку проектот се однесува на организирање

кампањи против насилство, обуката треба да се однесува на тоа како се водат ефикасни кампањи, но и на видовите насилство и справувањето со нив во конкретниот контекст и на конкретната целна група на кампањата. Или, доколку учениците се определиле да реализираат мултикултурни работилници, обуката треба да овозможи учениците да се стекнат не само со мултикултурни компетенции, туку и со компетенции за да водат работилници со „нивната“ целна група.

- **Планирање на проектите:** Учениците работат во своите групи за да ги планираат и осмислат активностите во рамки на своите проекти. Од нив се очекува да идентификуваат одредено прашање, да постават цели и да развијат детален акциски план со активности што ќе придонесе за решавање на прашањето. Наставниците им даваат насоки со цел да се обезбеди изводливост и ефикасност на проектите.
- **Имплементација на проектите:** Учениците ги реализираат активностите во рамки на своите прокти според насоките содржани во акцискиот план. Наставниците го следат нивниот ангажман за да се осигураат дека реализацијата на активностите е на добар пат и дека зацртаната цел ќе биде постигната во работа со целните групи.
- **Рефлексија:** Во текот и по завршувањето на реализацијата на проектите учениците ги споделуваат своите искуства, предизвиците со кои се сочиле и успесите што ги постигнале. Тоа овозможува да ги интернализираат своите искуства и да ги поврзат со пошироките општествени и хуманитарни прашања.
- **Промоција на проектите**: На посебен настан учениците ги презентираат „продуктите“ од реализацијата на нивните проекти пред училиштето и заедницата.

За практичниот ангажман на учениците (сите фази заедно) предвидени се 20 саати. Траењето на секоја фаза изразено во саати може да варира од еден до друг проект, зависно од видот на општествено-хуманитарна работа, односно од природата на активностите што се очекува да се реализираат.

# ПОДГОТОВКИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

## Избор на одговорни наставници

Наставниците кои ќе бидат одговорни за реализација на општествено-хуманитарна работа се определуваат според пројавениот интерес и/или по предлог на стручните активи и директорот на училиштето. Наставничкиот совет ги потврдува наставниците кои ќе бидат одговорни за секоја група ученици ангажирани во општетсвено -хуманиратна работа.

Училиштето може да определи наставници/стручни соработници кои ќе бидат задолжени да ја реализираат само воведната обука (во рамки на теоретското учење) без да учествуваат во конкретните проекти, или пак, да определи наставници кои ќе бидат одговорни и за реализација на обуката и за реализација на практичната компонента од општествено-хуманитарна работа. На наставниците кои ќе бидат одговорни за реализација на општествено-хуманитарна работа со група ученици во траење од 20 часа им се пресметуваат 36 часа работно време. Наставниците може да ја распределат работата на групите ученици за кои се одговорни во текот на целата учебна година, па со дел од групите да работат во првото полугодие, а со дел од групите во второто полугодие. Еден наствник може да биде

одговорен и да работи со две групи во текот на едно полугодие (паралелно или последователно).

Ангажманот на наставниците одговорни за реализација на општествено-хуманитарна работа се состои од:

- **планирање за сопствениот ангажман** во општествено-хуманитарна работа за секоја група ученици одделно и да го прават неопходното прилагодување на планирањето согласно новосоздадени/непредвидени ситуации; планирањето треба да содржи: список на вклучени ученици, вид на општетсвено -хуманиратна работа и целни групи кои ќе имаат корист од работата, временски период на нејзина реализација, план и инструменти за следење на редовноста на учениците, нивното учество и ангажираност во активностите.
- **обезбедување инклузивна средина** за реализација на активностите на проектот што ќе биде **безбедна** и за учениците и за учесниците од целната група,
- **контиунирано мониторирање на работата на учениците** согласно нивната улога во спроведување на активностите зацртана со акцискиот план за реализација на проектот и да им даваат поддршка и помош во справувањето со можни предизвици, како и повртана информација за постигањата во текот на целиот процес,
- **следење и вреднување на напредокот на учениците** во текот на реализацијата на целиот проект.

## Вклучување на заедницата и родителите/старателите

Во контекст на општествено -хуманиратна работа на учениците, заедницата се однесува на група луѓе кои живеат во иста средина и делат заеднички интереси, вредности, и цели. Тоа може да биде локална заедница, како на пример населба, град или село, или може да биде потесна заедница поврзана со одредени социјални или општествени теми (пр., деца во градинка, лица сместени во дома за стари, итн.). Кога учениците извршуваат општествено -хуманиратна работа за заедницата, тие учествуваат во активности кои имаат за цел да го подобрат квалитетот на животот во таа заедница, да им помогнат на ранливите групи или да придонесат за решавање на општествени и хуманитарни проблеми. Преку овие активности, учениците развиваат чувство на одговорност, емпатија и свесност за потребите на другите.

Вклучувањето на заедницата во општествено-хуманитарна работа на учениците е клучно за успехот на општествено-хуманитарна работа на учениците. Нејзиното вклучување при подготовката за општествено-хуманитарна работа е битно за обезбедување релевантност и успех на активностите. Ова може да се постигне преку:

- **идентификување на потребите на заедницата:** го спроведуваат училиштата и/или ученичките заедници преку анкети, интервјуа или разговори со локални лидери, експерти во одредени области, локални организации и/или институции со цел подобро да се разбират потребите на зедницата и да се утврдат можностите за вклучување на учениците.
- **координација со локалните организации:** општините, јавни и приватни установи и невладините организации активни во заедницата може да соработуваат со училиштата за да понудат конкретни проекти или иницијативи и да им понудат на учениците платформи за учество во решавање на реални општествени проблеми.

- **вклучување на членови на заедницата** директно во општествено-хуманитарна работа на учениците како ментори, координатори или волонтери (на пример, локалните жители или професионалци можат да споделат свои искуства или, заедно со одговорните наставници, да ги водат учениците во реализација на активностите).
- **обезбедување ресурси и поддршка од заедницата:** вклучувањето на локалните бизниси и организации може да обезбеди финансиска или материјална поддршка за проектите (н пример, локалните бизниси може да спонзорираат активности или да понудат соработка за проекти од интерес на заедницата).

Препорачливо е во процесот на преговарање за вклучување на потенцијалните целни групи во општествено-хуманитарна работа на учениците да се вклучат родителите/старателите (преку советите на родители и/или индивидуално) поради придонесот што можат да го имаат во обезбедувањето поддршка од заедницата. Се очекува  училиштето да ги информира родителите/старателите за општетсвено -хуманитарната работа што ја планира и за учеството учениниците и одговорните наставници во нејзината реализација. Исто така, училиштето може да ги поттикнува родителите/старателите за учество во определени активности на конкретните проекти испланирани од страна на учениците.

Освен тоа, секој ученик треба да добие согласност од родителите/старателите за учество во конкретен вид општествено -хуманиратна работа, особено кога таа вклучува активности што се одвиваат надвор од училишните простории.

## Формирање групи ученици за релизација на општествено-хуманитарна работа

Одговорните наставниците задолжени за реализација на општетсвено--хуманиратна работа, во соработка со ученичката заедница, ја спроведуваат постапката за избор на вид на општетсвено--хуманиратна работа со учениците по одделенија - посебно за 7. одделение, за 8. одделение и за 9. одделение. Учениците добиваат список со три вида општествено--хуманиратна работа што се нудат за тековната учебна година (примерите што беа дадени во поглавјето Видови општествено -хуманиратна работа може да послужат како идеја). Списокот на понудени видови општествено -хуманиратна работа се прави врз основа на:

- идентификуваните потреби на заедницата
- понудата од локалните заедници
- препораките добиени од учениците кои биле вклучени во одделни проекти од општествено -хуманиратна работа реализирани во претходната учебна година
- преференциите на одговорните наставници

Во списокот со понудените видови општествено -хуманиратна работа од кои се очекува учениците да го направат својот избор треба да се наведат:

- Видот на општествено -хуманиратна работа и целната група на која се однесува
- Одговорниот наставник за нејзина реализација
- Временскиот период за нејзина реализација и начинот на кој се очекува да се реализира (по/пред часови, во саботите и сл.).
- Ефектите што се очекува да бидат постигнати во заедницата и очекуваните резултати од учењето кај учениците

Секој ученик од секоја паралелка го прави изборот на тој начин што на списокот означува (со 1 и со 2) два вида општествено--хуманиратна работа во кои би сакал да учествува, при што со 1 го означува оној вид  што му е прв избор, а со 2 оној што му е втор избор. Тоа овозможува наставниците/училиштето да ги распореди проектите за општествено -хуманиратна работа по полугодија и да ги распореди учениците по групи. Предност при формирање на групите има првиот избор, а вториот избор се зема предвид доколку нема доволен број заинтересирани ученици за формирање група.

Постапката се повторува секоја учебна година. При тоа треба да се има предвид дека еден ученик не може да избере ист вид општествено -хуманиратна работа во повеќе учебни години, туку напротив, во секоја учебна година треба да се вклучи во различен вид. Поради тоа се препорачува списокот на понудени видови општествено -хуманиратна работа да се модификува од една до друга учебна година за да им се понуди поголема можност за избор на учениците.

Групите за реализација на избраните видови на општествено -хуманиратна работа се формираат по завршување на обуката за теоретското учење во која учествуваат сите ученици (независно од групата на која ќе ѝ припаѓаат) и спроведената постапка за избор на општетсвено -хуманиратна работа. Секоја група треба да биде составена од најмногу 20 ученици, по можност, со ист/приближен број на момчиња и девојчиња. При распоредување на учениците според направениот избор се има во вид дека групата/групите за конкретент вид општествено -хуманиратна работа може да ја сочинуваат ученици што учат во иста паралелка  или во различни паралелки во рамки исто одделение. Одговорните наставници прават спиок на ученици за секоја одделна група, ги информираат учениците во која група се распределени и списоците ги објавуваат на веб странцата на училиштето и/или на огласната табла во училиштето.

Во училиштата во кои наставата се одвива на два или на три јазика пожелно е од учениците што учат на различни наставни јазици, а избрале ист вид на општествено -хуманиратна работа да се формираат јазично балансирани „мешани“ групи ученици. Во таков случај, одговорни за реализацијата на проектите со „мешани“ групи ученици се најмалку двајца наставници (по еден од секој застапен наставен јазик), кои ги водат активностите билингвално, со рамноправен третман на двата застапени наставни јазици и на сите вклучени ученици.

Во училиштата во кои учат ученици со попреченост, се формираат мешани групи во кои заедно работат учениците со попреченост со нивни врсници за да се овозможи меѓусебна поддршка и размена на искуства. Создавањето хетерогени групи ги охрабрува врсниците да се поврзат и заеднички да работат на целите на проектот. Важно е да се негува средина на еднаквост, во која сите ученици се чувствуваат вреднувани и поддржани.

Доколку за еден вид на општествено -хуманиратна работа се пријаваат голем број ученици и потребно е да се формираат повеќе групи, се прави распределување на времето на реализација на проектите, па дел од групите работат во првото полугодие, а дел во второто полугодие.

# НАСОКИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Успешното извршување на општествено-хуманитарна работа бара внимателно планирање и координација, но и флексибилност која ќе обезбеди прилагодување на потребите и на учениците и на заедницата. Следните упатства за имплементација обезбедуваат чекор-по-чекор пристап за одговорните наставници, стручната служба и училишната заедница за да се обезбеди ефективност, ефикасност и оддржливост на програмата:

## I. Обуки за теориско учење

Обуките, во траење од 6 наставни часа, се организираат за сите ученици, независно од проектите за кои се определиле и се однесуваат на базичните концепти на општествено--хуманиратна работа како што се: глобални и локални општествени прашања, етичност и општествена одговорност и културна компетентност (подетално објаснети кај Компонентите на општествено-хуманитарна работа). При тоа се внимава на следното:

**Интерактивни сесии:**

- Користење различни наставни методи, вклучувајќи предавања, дискусии, мултимедијални презентации и гости говорници, за да обезбеди разборање на базичните концепти.
- Поттикнување активно учество на учениците преку поставување прашања за групни и отворени дискусии за да се продлабочи нивното разбирање и да се стимулира критичко размислување.

**Користење студии на случај:**

- Се воведуваат реални студии на случај кои ги одразуваат актуелните општествени и хуманитарни прашања при што учениците се охрабруваат да ги анализираат овие случаи и да дискутираат за можни решенија.
- Теоретската содржина се поврзува со искуствата на учениците и случувањата во нивните заедници.

**Проверка дали базичните концепти се разбрани:**

- Се користат квизови, куси тестови и/или групни презентации за да се утврди колку учениците ги разбрале базичните концепти.
- На учениците им се даваат повратни информации за да им се помогне поефикасно да ги сфатат концептите.

## II. Тематски обуки (2-6 саати)

Тематската обука (подетално објаснета во рамки на Компонентите на општествено-хуманитарна работа) се реализира за потребите на конкретен проект и може да варира во должина, зависно од тоа дали (и колку) редовната настава во претходните одделенија овозможила учениците да ги стекнат компетенциите што се неопходни за реализација на проектот. Зависно од содржината на обуката, за нејзина реализација може да се ангажира одговорниот наставник, друг наставник, стручен соработник од училиштето, родител-доброволец или стручно лице-доброволец.

## III. Планирање на проектите (3 саати)

Планирањето на реализацијата на проектот во однапред дадената временска рамка го прават учениците кои се определиле за дадениот проект – се планира групно.

Одговорниот наставник има улога да го надгледува планирањето за да се обезбеди дека планирањето не ги загрозува принципите на одржливост и инклузивност и дека обезбедува вклученост на сите ученици од групата. Планирањето опфаќа:

**Дефинирање на активностите**

- Учениците, во рамки на својата група и со помош на одговорниот наставник, ги определуваат активностите за реализација на проектот кои можат да се постават во вид на чекори кои произлегуваат еден од друг, или во вид на независни активности кои можат да се реализираат паралелно (од страна на мали подгрупи) или една по друга, по случајно определен редослед. Особено се внимава на определување и прилагодување на активностите на можностите и интересите на учениците со попреченост.

**Подготовка на акциски план**

- Служи како водич за организирање и успешно спроведување на општествено - хуманиратна работа, обезбедувајќи јасна структура, задачи и цели.
- Се формулира во вид на табела во која се наведени (образецот е даден во Прилог Б):
  - конкретните активности што треба да се преземат
  - кус опис на секоја од наведените активности
  - временскиот период/временските рокови за реализација на секоја активност,
  - името на ученикот што е одговорен да се реализира секоја од активностите
  - имињата на учениците вклучени во реализација на секоја активност
  - ресурсите (материјалите, средствата и/или алатките) за спроведување на секоја активност
  - очекуваните исходи (мерливи и/или видливи) од секоја активност

**Обезбедување на ресурсите за реализација на проектот**

- Учениците, со помош на наставникот ги обезбедуваат ресурсите (средствата, материјалите и/или алатите) потребни за реализација на проектот пред да се започне со неговата инплементација.
- Доколку листата на потребни ресурси е долга и/или училиштето не располага со некои од ресурсите, нивното обезбедување може да стане посебна активност во рамки на проектот и, како таква, да се наведе во акцискиот план. Во таков случај, обезбедувањето на ресурсите (или дел од нив) станува дел од имплементацијата на проектот.

## IV. Имплементација на проектите (8-10 саати)

Имплементацијата на секој проект следи сопствена динамика, определебна со акцискиот план. Наставникот е одговорен за мотивирање на учениците и успешна реализација на секоја активност зацртана во планот. За таа цел, клучно е да се обезбеди:

**Следење и поддршка на имплементацијата:**

- Одговорниот наставник треба редовно ја следи работата и напредокот на „својата“ група и да нуди насоки за решавање на проблемите со кои се соочуваат учениците при реализација на активностите. Наставникот треба да обезбеди поддршка на учениците со попреченост кога им е потребна и да им дава јасни инструкции и редовно да ги охрабрува.
- Во фокусот на следењето на работата на проектот се очекуваните исходи (мерливи и/или видливи) од секоја активност дефинирани со акцискиот план. Задача на

одговорниот наставник е, заедно со учениците од групата, да констатира дали (и во која мера) се остварени планираните очекувани исходи и доколку е потребно, да предвиди мерки што треба да се преземат за нивно целосно остварување.
- Одговорниот наставник обезбедува проектите да се реализираат безбедно и етички, особено кога во фокусот на активностите се ранливи популации и/или чувствителни прашања.

**Документирање на искуствата на учениците:**
- Од учениците се очекува за време на реализацијата на активностите да ги документираат своите искуства, предизвици и моменти на учење, водејќи дневник (во електронска или хартиена форма) во кој ќе ги запишуваат своите размислувања, согледувања и емоции и ќе ги илустрираат со фотографии (доколку претходно добиле согласност за фотографирање).

## V. Рефлексија за работата (1-2 саати)

**Рефлексивна сесија**
- По завршувањето на нивните проекти, учениците од групата учествуваат во рефлексивна сесија каде што ги споделат своите искуства, предизвиците со кои се соочиле и успесите што ги постигнале.
- Учениците добиваат повратни информации од одговорниот наставник и, евентуално, од претставник на целната група (или одговорно лице за целната група) која има за цел да им помогне критички да ја оценат својата работа и ефектите од неа.
- По завршување на проектите, сите ученици треба да добијат признание за нивниот труд. Ова е особено важно за поттикнување на самодовербата на учениците со попреченост.

**Дискусија за иден ангажман**
- Од рефлексијата треба да произлезат и размислувања за тоа како учениците можат да продолжат со општествено -хуманиратна работа надвор од тековните проекти. За учениците од 7. и 8. одделение од ова може да произлезат идеи за работа на следниот општествено-хуманитарен проект, а за учениците од 9. одделение може да биде поттик за примена на стекнатите вештини и знаења како дел од иден граѓански ангажман, надвор од училиштето.

## VI. Промоција на проектите (3 саати)

Работата на секој проект завршува со настан на кој се претставуваат напорите и постигнувањата на учениците. Се очекува на истиот настан да бидат промовирани сите проекти реализирани во тековната учебна година, или се организираат повеќе настани и на секој од нив се промовираат проектите од ист вид општествeноо -хуманиратна работа. На настанот треба да присуствуваат претставници на училишниот менаџмент и наставниците, родителите/старателите и претставници на целните групи и заедницата. Настанот треба да содржи:

**Завршни презентации**
- Секоја група го претставува својот проект преку презентација (мултимедијална, видео клип, фотографии, power point презентација) на активностите што ги презела и

резултатите што ги постигнала, нагласувајќи го влијанието што го направила и предизвиците што ги надминала.

- Презентациите им овозможуваат на ученици-учесници да ја покажат својата работа, а на другите ученици да учат од искуствата на нивните врсници.

**Прослава на достигнувањата**

- Настанот претставува „прослава“ на работата и придонесот на учениците кои работеле на различните проекти.
- На прославата им се доделуваат сертификати на сите учесници во проектите претставени на настанот, а учениците кои особено се истакнале со своето учество добиваат и признание за нивните напори да направат позитивна разлика во нивните заедници.

# ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Наставниците што се одговорни за реализирање на општествено-хуманитарна работа треба континуирано да го следат учеството и ангажираноста на учениците во проектите и да го вреднуваат напредокот на секој вклучен ученик. Уште пред да започнат со реализација на проектите, наставниците треба да го испланираат и начинот на следење на учениците. За време на реализацијата на активностите на проектите за општествено -хуманиратна работа, од секој одговорен наставник се очекува:

- да ја следи и бележи редовноста на секој ученик,
- да ја следи ангажираноста на секој ученик за време на активностите, посветеноста и придонесот што го има во нивната реализација,
- да ги проверува дневниците на учениците во кои ги запишуваат своите размислувања, согледувања и емоции во врска со активностите што ги реализираат за да стекне увид во нивната посветеноста и во ефектите од општествено-хуманитарна работа врз нивниот личен развој и
- да го вреднува напредокот на секој ученик во стекнувањето знаења (колку нови информации се стекнати преку искуството), во усвојувањето вештини (решавање проблеми, комуникација, лидерство и соработка) во манифестирањето на потребните вредности (одговорност, доследност, мотивираност и сл) како и придонесот во реализацијата на активностите (остварување на целите, запазување на временските рокови и сл.).

Оценувањето на учеството во општествено -хуманиратна работа се врши описно, со фокус на ангажманот, вложениот напор и напредокот на ученикот, наместо само на реализираните часови во општествено-хуманитарна работа. Описните категории или нивоа на постигнувања кои го покажуваат различниот степен на успех и залагање на ученикот во општествено -хуманиратна работа се следните:

- **Извонредно учество**
  Пример: „Ученикот постојано демонстрираше исклучителен ентузијазам, иницијатива и лидерство во сите активности. Покажа и длабока посветеност да направи позитивно влијание во заедницата и со своето учество и работа ги надмина очекувањата поставени со акцискиот план.“

- **Ангажирано учество**
  Пример: „Ученичката беше целосно ангажирана во реализација на задачите, демонстрирајќи сигурност и силна работна етика. Значајно придонесе во практичната работа на тимот и одговорно и со позитивен став им пристапуваше на сите активностите.“
- **Задоволително учество**
  Пример: „Ученичката вложуваше задоволително ниво на труд и покажуваше подготвеност за соработка во исполнување на задачите, но ѝ недостасуваше иницијатива и креативност за да ги исполни сите очекувања.“
- **Неопходно е подобрување**
  Пример: „Учеството на ученикот беше минимално. Тој има потенцијал, но потребно е да се фокусира на тимската работа, да демонстрира поголема одговорност и да вложи повеќе труд за да придонесе во спроведување на задачите.“

Описната оценка за општествено-хуманитарна работа се внесува во додатокот на свидетелството на ученикот.

# ПРИЛОЗИ

## А. Примери на проекти

Долунаведените примери на проекти се наменети да послужат како инспирација за реализација на општествено -хуманиратна работа, а не како модели за реализација.

---

***Чистење на отпадот во заедницата:***

Вклучување на учениците во чистење во заедницата поради развивање одговорноста за животната средина.

1. **Теми за обука:**
    - Важноста на обезбедувањето хигина на јавните простори
    - Улогата на граѓаните и на службите во одржување хигиена на јавните простори
    - Видови отпад и управување со отпадот
    - Безбедно ракување со материјалите и опремата за чистење
2. **Планирање:**
    - Идентификување на локалното подрачје на кое му треба чистење (на пр. парк, кеј, плажа, населба, или друго).
    - Подготовка на истражување на причините за расфрланиот отпад во подрачјето (кој фрла, дали има доволно корпи за отпадоци и колку се достапни, колку редовно се празнат
    - Соработка со локалните власти или групи во заедницата во планирање на заедничките активности на проектот.
    - Доделување улоги на учениците (на пример, лидери на тимови, логистички координатори, лица за комуникација).
3. **Имплементација:**
    - Спроведување на истражувањето и обработка на податоците
    - Опремување на учениците со потребните средства и алатки (ракавици, метли, вреќи за отпадоци, заштитни елеци).
    - Поделба на просторот на делови и определување групи ученици за чистење на секој дел.
    - Чистење на одредените области во соработка со локалните служби, сортирајње на отпадот за рециклирање каде што е можно.
4. **Прашања за рефлексија:**
    - Која беше вашата улога за време на кампањата за чистење?
    - Со какви предизвици се соочивте? Како ги надминавте?
    - Што научивте за еколошката одговорност?
    - Како ова искуство влијаеше на вашите ставови за општествено -хуманиратна работа?

---

### *Посети на установа за нега на постари лица*

Поттикнување меѓугенерациските врски и емпатијата преку организирање посети на установа за стари лица.

1. **Теми за обука:**
   - Разбирање на стареењето и потребите на постарите лица
   - Ефективна комуникација со постари лица
   - Почитување на приватноста и достоинството на постарите лица
   - Активности за пополнување на слободното време на постарите лица
2. **Планирање:**
   - Подготовка ги учениците за почитување на постарите генерации.
   - Контактирање со локална установа за нега на постари лица за да се организираат посети.
   - Планирање активности како што се читање, играње игри или едноставно разговор со жителите на установата.
3. **Имплементација:**
   - Организирање на посетите откако е обезбедено дека учениците се свесни за нивните улоги и одговорности.
   - Обезбедување на интеракциите меѓу учениците и жителите во која сите споделуваат животни приказни и искуства.
4. **Прашања за рефлексија:**
   - Како се чувствувавте пред и по посетата?
   - Што научивте од интеракцијата со жителите?
   - Што ве изненади при посетата?
   - Како можете да продолжите да ги поддржувате старите лица во вашата заедница?

---

### *Собирање средства во хуманитарни цели*

Вклучување на учениците собирање средства за избрана цел преку организирање хуманитарен настан.

1. **Теми за обука:**
   - Планирање и организација на хуманитарни настани
   - Преговарање со спонзори и донатори
   - Користење на социјалните медиуми во маркетиншки цели
   - Етички принципи при соирање средства за хуманитарни цели
2. **Планирање:**
   - Идентификување на потребите и/или на добротворна организација за помош и поддршка (на пр. Црвен крст, засолниште за животни, детска болница).
   - Прибирање идеи за настан за собирање финансиски средства (на пр., „игранка“ со училишниот бенд, хуманитарна акција, шоу за таленти) и избор на идеа за реализација.
   - Планирање на настанот.
   - Креирање буџет за организација на настанот.
3. **Имплементација:**
   - Спроведување на настанот од страна на учениците кои се поделени во помали групи одговорни за промоција, продажба, логистичка поддршка и сл..
   - Вклучување на учесници во настанот кои не доаѓаат од училиштето.
4. **Прашања за рефлексија:**
   - Зошто ја избравте оваа конкретна причина за поддршка?
   - Каква улога имавте во организирањето на настанот?
   - Кој беше најцениот дел од искуството?

- Како настанот влијаеше на вашето разбирање за општествено -хуманиратна работа?

---

### *Програма за туторство со врсници*

Промовирање на академски успех и менторство преку воспоставување програма за туторство меѓу колегите во училиштето.

1. **Теми за обука:**
   - Што е туторство и зошто е важно?
   - Креирање на ефикасни планови за учење
   - Етика и доверливост во туторството
   - Соработка со наставниците
   - Управување со времето и организираност
2. **Планирање:**
   - Идентификувње на учениците на кои им е потребна академска поддршка и на оние кои можат да служат како тутори.
   - Поврзување на туторираните ученици со туторите врз основа на потребите на туторираните ученици.
   - Подготовка на распоред за туторските сесии и простор каде што може да се реализираат.
3. **Имплементација:**
   - Обука на врсниците за ефективни методи на туторство и комуникациски вештини.
   - Следење на напредокот на туторските сесии и обезбедете дополнителна поддршка по потреба.
4. **Прашања за рефлексија:**
   - Туторите: Што научивте од помагањето на вашите врсници?
   - Туторираните: Како туторството ви помогна во вашето учење?
   - Со какви предизвици се соочивте и како ги надминавте?
   - Како оваа програма може да се подобри за идните учесници?

---

### *Кампања за подигање свесност за врсничко насилство*

Подигање на свеста за штетните последици од врсничкото насилство преку организирање кампања на ниво на училиште и/или заедница.

1. **Теми за обука:**
   - Видови врсничко насилство
   - Последици од врсничкото насилство
   - Улогата на соучениците во превенирање и заштита на жртвите од врсничкото насилство
   - Планирање кампања за подигање свест за врсничкото насилство
   - Одговорно користење на социјалните медиуми во кампањите за подигање на свеста
2. **Планирање:**
   - Избор на вид на кампања (врснички работилници, постери, флаери и/или,плакати, пораки на социјалните мрежи, театарски претстави, музички изведби или ликовни изложби, итн.)
   - Развивање стратегија за водење на кампањата со цел да се постигнат максимални ефекти.
   - Доделување улоги на учениците за време на кампањата (пр., создавачи на содржини, презентери, организатори, медиумски промотори, итн.)
3. **Имплементација:**

- Започнување на кампањата преку користење на различни платформи за промоција.
- Подготовка на содржините за кампањата
- Организирање настани за пласирање на содржините

4. **Прашања за рефлексија:**
   - Зошто ви е важно ова прашање?
   - Како кампањата влијаеше на вашето разбирање за проблемот?
   - Кој беше најефективниот дел од кампањата?
   - Што би направиле поинаку доколку повторно ја водите оваа кампања?

---

## Б. Образец за планирање на проект

| | |
|---|---|
| Наслов на проектот | |
| Цели на проектот | |
| Одговорен наставник | |
| Ученици-учесници во проектот | 1.<br>2.<br>3.<br>... |

| Активност | Опис на активноста | Рок на реализација (од... до...) | Име на одговорен ученик/одговорни ученици | Имиња на вклучени ученици | Потребни ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| ... | | | | | | |